

## ОЛИВЕРА ЈОВАНОВСКА : ПРОЧКА

Многу музика, многу радост

Кога сте кај нас на гости,

Полно е срцето со среќа

Денес е Прочка ако згрешив **Прости.**

Кажавте во еден глас внучиња наши,

**Прости ни** изговорија усните ваши.

Од памтивек останаа адети стари

За **Прочка** јајце да се вари,

На внучиња да се даде

Во џеб паричка да се стави.

На баба и дедо рака се бакнува

Лимон и портокал им се дарува,

**Прочк**а од нив се проси,

Лоша дума никој во срце да не носи.

Внучиња мили чувајте и негувајте адети стари

Не бидете алчни за злато и пари

Благослов од Бога в домот ваш да цари,

Живеете во ова чудно време

Не дозволувајте модата

Во заблуда  да ве обземе.